1. In the event of a dispute between two or more Parties concerning the interpretation or application of this Convention, the Parties concerned shall seek through diplomatic channels a settlement of the dispute through negotiation or any other peaceful means of their own choice, including good offices, mediation, or conciliation. Failure to reach agreement by good offices, mediation or conciliation shall not absolve parties to the dispute from the responsibility of continuing to seek to resolve it.

2. When ratifying, accepting, approving, formally confirming or acceding to the Convention, or at any time thereafter, a State or regional economic integration organization may declare in writing to the Depositary that, for a dispute not resolved in accordance with paragraph 1 of this Article, it accepts, as compulsory, ad hoc arbitration in accordance with procedures to be adopted by consensus by the Conference of the Parties.

3. The provisions of this Article shall apply with respect to any protocol as between the parties to the protocol, unless otherwise provided therein.

PART X: DEVELOPMENT OF THE CONVENTION

Article 28

Amendments to this Convention

1. Any Party may propose amendments to this Convention. Such amendments will be considered by the Conference of the Parties.

2. Amendments to the Convention shall be adopted by the Conference of the Parties. The text of any proposed amendment to the Convention shall be communicated to the Parties by the Secretariat at least six months before the session at which it is proposed for adoption. The Secretariat shall also communicate proposed amendments to the signatories of the Convention and, for information, to the Depositary.

3. The Parties shall make every effort to reach agreement by consensus on any proposed amendment to the Convention. If all efforts at consensus have been exhausted, and no agreement reached, the amendment shall as a last resort be adopted by a three-quarters majority vote of the Parties present and voting at the session. For purposes of this Article, Parties present and voting means Parties present and casting an affirmative or negative vote. Any adopted amendment shall be communicated by the Secretariat to the Depositary, who shall circulate it to all Parties for acceptance.

4. Instruments of acceptance in respect of an amendment shall be deposited with the Depositary. An amendment adopted in accordance with paragraph 3 of this Article shall enter into force for those Parties having accepted it on the ninetieth day after the date of receipt by the Depositary of an instrument of acceptance by at least two-thirds of the Parties to the Convention.

5. The amendment shall enter into force for any other Party on the ninetieth day after the date on which that Party deposits with the Depositary its instrument of acceptance of the said amendment.

Article 29
Adoption and amendment of annexes to this Convention

1. Annexes to this Convention and amendments thereto shall be proposed, adopted and shall enter into force in accordance with the procedure set forth in Article 28.

2. Annexes to the Convention shall form an integral part thereof and, unless otherwise expressly provided, a reference to the Convention constitutes at the same time a reference to any annexes thereto.
3. Annexes shall be restricted to lists, forms and any other descriptive material relating to procedural, scientific, technical or administrative matters.

PART XI: FINAL PROVISIONS

Article 30
Reservations

No reservations may be made to this Convention.

Article 31
Withdrawal

1. At any time after two years from the date on which this Convention has entered into force for a Party, that Party may withdraw from the Convention by giving written notification to the Depositary.

2. Any such withdrawal shall take effect upon expiry of one year from the date of receipt by the Depositary of the notification of withdrawal, or on such later date as may be specified in the notification of withdrawal.

3. Any Party that withdraws from the Convention shall be considered as also having withdrawn from any protocol to which it is a Party.

Article 32
Right to vote

1. Each Party to this Convention shall have one vote, except as provided for in paragraph 2 of this Article.

2. Regional economic integration organizations, in matters within their competence, shall exercise their right to vote with a number of votes equal to the number of their Member States that are Parties to the Convention. Such an organization shall not exercise its right to vote if any of its Member States exercises its right, and vice versa.

Article 33
Protocols

1. Any Party may propose protocols. Such proposals will be considered by the Conference of the Parties.

2. The Conference of the Parties may adopt protocols to this Convention. In adopting these protocols every effort shall be made to reach consensus. If all efforts at consensus have been exhausted, and no agreement reached, the protocol shall as a last resort be adopted by a three-quarters majority vote of the Parties present and voting at the session. For the purposes of this Article, Parties present and voting means Parties present and casting an affirmative or negative vote.

3. The text of any proposed protocol shall be communicated to the Parties by the Secretariat at least six months before the session at which it is proposed for adoption.

4. Only Parties to the Convention may be parties to a protocol.

5. Any protocol to the Convention shall be binding only on the parties to the protocol in question. Only Parties to a protocol may take decisions on matters exclusively relating to the protocol in question.

6. The requirements for entry into force of any protocol shall be established by that instrument.

Article 34
Signature

This Convention shall be open for signature by all Members of the World Health Organization and by any States that are not Members of the World Health Organization but are members of the United Nations and by regional economic integration organizations at the World Health Organization headquarters in Geneva from 16 June 2003 to 22 June 2003, and thereafter at United Nations Headquarters in New York, from 30 June 2003 to 29 June 2004.

Article 35
Ratification, acceptance, approval, formal confirmation or accession

1. This Convention shall be subject to ratification, acceptance, approval or accession by States and to formal confirmation or accession by regional economic integration organizations. It shall be open for accession from the day after the date on which the Convention is closed for signature. Instruments of ratification, acceptance, approval, formal confirmation or accession shall be deposited with the Depositary.

2. Any regional economic integration organization which becomes a Party to the Convention without any of its Member States being a Party shall be bound by all the obligations under the Convention. In the case of those organizations, one or more of whose Member States is a Party to the Convention, the organization and its Member States shall decide on their respective responsibilities for the performance of their obligations under the Convention. In such cases, the organization and the Member States shall not be entitled to exercise rights under the Convention concurrently.

3. Regional economic integration organizations shall, in their instruments relating to formal confirmation or in their instruments of accession, declare the extent of their competence with respect to the matters governed by the Convention. These

organizations shall also inform the Depositary, who shall in turn inform the Parties, of any substantial modification in the extent of their competence.

Article 36
Entry into force

1. This Convention shall enter into force on the ninetieth day following the date of deposit of the fortieth instrument of ratification, acceptance, approval, formal confirmation or accession with the Depositary.

2. For each State that ratifies, accepts or approves the Convention or accedes thereto after the conditions set out in paragraph 1 of this Article for entry into force have been fulfilled, the Convention shall enter into force on the ninetieth day following the date of deposit of its instrument of ratification, acceptance, approval or accession.

3. For each regional economic integration organization depositing an instrument of formal confirmation or an instrument of accession after the conditions set out in paragraph 1 of this Article for entry into force have been fulfilled, the Convention shall enter into force on the ninetieth day following the date of its depositing of the instrument of formal confirmation or of accession.

4. For the purposes of this Article, any instrument deposited by a regional economic integration organization shall not be counted as additional to those deposited by States Members of the organization.

Article 37
Depositary

The Secretary-General of the United Nations shall be the Depositary of this Convention and amendments thereto and of protocols and annexes adopted in accordance with Articles 28, 29 and 33.

Article 38
Authentic texts

The original of this Convention, of which the Arabic, Chinese, English, French, Russian and Spanish texts are equally authentic, shall be deposited with the Secretary-General of the United Nations.

IN WITNESS WHEREOF the undersigned, being duly authorized to that effect, have signed this Convention.

DONE at GENEVA this twenty-first day of May two thousand and three.

Светска Здраствена Организација
Женева, Швајцарија

РАМКОВНА КОНВЕНЦИЈА ЗА КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Преамбула

Страните на оваа Конвенција,

Определени да дадат приоритет на нивното право за заштита на јавното здравје,

Прифаќајќи дека ширењето на епидемијата на пушењето е глобален проблем со сериозни последици за јавното здравје што повикува на најширока можна меѓународна соработка и учество на сите земји во една ефективна, соодветна и сеопфатна меѓународна реакција,

Одразувајќи ја загриженоста на меѓународната заедница за опустошувачките, во светски рамки, здравствени, социјални и еколошки последици од употребата на тутунот и изложеноста на чадот од тутунот,

Сериозно загрижени за зголемувањето, во светски рамки, на употребата и производството на цигари и други тутунски производи, особено во земјите во развој, како и за оптоварувањето на семејствата, на сиромашните, како и на националните здравствени системи,

Прифаќајќи дека научнитата евиденција недосмислено утврди дека употребата на тутунот и изложеноста на чад од цигари предизвикува смрт, болест и инвалидност, како и дека постои временско задоцнување помеѓу изложувањето на тутунот и употребата на други тутунски производи и нападот на болести поврзани со тутунот,

Прифаќајќи, исто така, дека цигарите и некои други производи што содржат тутун се произведени со висока технологија така што да создадат и да одржуваат зависност , и дека многу од состојките што ги содржат се фармаколошки активни, токсични и канцерогени и дека зависноста од тутунот е посебно класифицирана како заболување во повеќето меѓународни класификации на болести,

Потврдувајќи дека постои јасна научна евиденција дека перинаталното изложување на чад од тутун може повратно да предизвика неповолно здравје и развојни услови кај децата,

Длабоко загрижени за ескалацијата на пушењето и другите форми на употреба на тутунот од страна на децата и адолесцентите во светски рамки, особено од пушењето на сѐ помала возраст,

Алармирани од зголемувањето на пушењето и употребата на други форми на тутун од страна на жените и младите девојчиња, во светски рамки, и имајќи ја на ум потребата од целосно учество на жените на сите нивоа на креирање на политика и нејзина примена, како и потребата од полово-специфични стратегии за контрола на тутунот,

Длабоко загрижени од високите стапки на пушењето и другите форми на употреба на тутунот од страна на сиромашното население ,

Серизно загрижени поради влијанието на сите форми на рекламирање, промоција и спонзорирање со цел за поттикнување на употребата на тутунот,

Признавајќи дека е потребна координирана акција за искоренување на сите форми на недозволена трговија со цигари и други тутунски производи, вклучувајќи го шверцот, недозволеното производство и фалсификувањето,

Потврдувајќи дека контролата на тутунот на сите нивоа и особено во земјите во развој, како и во земјите во транзиција, бара доволни финансиски и технички ресурси соодветни на тековната и предвидената потреба за активностите за контрола на тутунот,

Потврдувајќи ја потребата од развој на соодветни механизми кои упатуваат на долгорочни социјални и економски импликации од успешни стратегии за намалување на побарувачката на тутун,

Свесни за социјалните и економските потешкотии што програмите за контрола на тутунот можат да ги создадат на среден и долг рок во некои земји во развој и земји во транзиција, и потврдувајќи ја нивната потреба од техничка и финансиска помош во контекст на национално развиените стратегии за одржлив развој,

Свесни за вредноста на работата преземена во многу земји за контрола на тутунот и истакнувајќи го водството на Светската здравствена организација, како и напорите на други организации и тела на системот на Обединетите Нации и други меѓународни и регионални меѓувладини организации во развојот на мерки за контрола на тутунот,

Истакнувајќи ги посебните доприноси на невладините организации и други членови на граѓанското општество што не се поврзани со тутунската индустрија, вклучувајќи ги професионалните тела во здравството, групите на жени, млади, еколошки групи и групи на потрошувачи, академските институции и институциите за здравствена заштита во напорите за контрола на тутунот на национално и меѓународно ниво и виталното значење на нивното учество во контролата на тутунот на меѓународно ниво,

Потврдувајќи ја потребата за подготвеност за одговор на секој напор на тутунската индустрија за потценување или субверзија на ефектите од контрола на тутунот, како и потребата за информираност за активностите на тутунската индустрија што имаат негативно влијание на напорите за контрола на тутунот,

Повикувајќи се на член 12 од Меѓународната повелба за економски, социјални и културни права, усвоена од страна на Генералното

собрание на Обединетите Нации на 16 декември, 1966., што го утврдува правото на секој на задоволување на највисокиот можен стандард на физичко и ментално здравје,

Повикувајќи се, исто така, на преамбулата на Уставот на Светската здравствена организација што утврдува дека уживањето на највисокиот можен стандард на здравје е едно од основните права на секое човечко суштество без разлика на раса, религија, политичко убедување, економска и социјална состојба,

Одлучни да промовираат мерки за контрола на тутунот засновани на тековните и релевантните научни, технички и економски достигнувања,

Повикувајќи се на одредбите од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената, усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации на 18 декември 1979., со кои се утврдува дека земјите-членки на Конвенцијата ќе преземат соодветни мерки за елиминација на дискриминацијата на жените во областа на здравствената заштита,

Повикувајќи се, понатаму, на Конвенцијата за правата на детето, усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации на 20 ноември 1989., со која земјите-членки на Конвенцијата го признаваат правото на детето на уживање на највисокиот можен стандард на здравје,

Се согласија за следното:

ДЕЛ I : ВОВЕД

Член 1
Употреба на термини

За целите на оваа Конвенција:

(а) "Недозволена трговија" значи секој вид на пракса или однесување забранети со закон што се однесуваат на производство, испраќање, прием, поседување, разнесување, продажба или набавка вклучувајќи ја и секоја пракса или однесување со цел да се помогне таква активност;

(б) "Регионална економска организација за интеграција" значи организација формирана од неколку суверени држави, на која земјите-членки и ја префрлиле надлежноста во одредени прашања, вклучувајќи ја и надлежноста да донесува решенија задолжителни за земјите-членки по однос на тие прашања[2];

(в) "Рекламирање и промоција на тутун" значи било која форма на комерцијална комуникација , препорака или активност со посредна или непосредна цел, за постигање на ефект или со можност за постигање на ефект за промоција на употреба на тутунски производ или тутун;

(г) "Контрола на тутун" значи опфат на стратегии за снабдување, побарувачка, како и намалување на штетите, со цел за унапредување на здравјето на населението преку елиминирање или намалување на употребата на тутунските производи и изложеноста на тутунскиот чад;

(д) "Тутунска индустрија" значи производители на тутун, продавачи на големо или увозници на тутунски производи;

(ѓ) "Тутунски производи" значи производи во целост или делумно произведени од лист на тутун како сиров материјал наменети за пушење, смукање,џвакање или шмркање;

(е) "Спонзорирање на тутун" значи било која форма на придонес кон било кој настан , активност или поединец со посредна или непосредна цел, за постигање на ефект или со можност за постигање на ефект за промоција на употреба на тутунски производ или тутун;

[2] Соодветно, национална организација значи исто што и регионална организација за економска интеграција

Член 2

Однос помеѓу оваа Конвенција и други спогодби и правни инструменти

1. Со цел за подобра заштита на човековото здравје, членките се поттикнуваат да применат мерки надвор од оваа Конвенција и нејзините протоколи и ништо во овие инструменти не може да ја спречи членката од примена на построги барања што се во согласност со прописите за тие барања и се во согласност со меѓународното право.

2. Одредбите на оваа Конвенција и нејзините протоколи во ниеден случај нема да влијаат на правото на страните да влегуваат во билатерални или мултилатерални спогодби, вклучително регионални или субрегионални спогодби во врска со прашањата што се релевантни или се дополнителни на оваа Конвенција и нејзините протоколи, под услов таквите спогодби да се во согласност со нивните обврски утврдени со оваа Конвенција и нејзините протоколи. Заинтересираните Страни ќе ја информираат за ваквите спогодби Конференцијата на Страните, преку Секретаријатот.

ДЕЛ II: ЦЕЛ, ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ И ОПШТИ ОБВРСКИ

Член 3

Цел

Цел на оваа Конвенција и нејзините протоколи е да ги заштити сегашните и идните генерации од оштетување на здравјето, како и од социјалните, еколошките и економските последици од употребата на тутун и изложеноста на чад од тутун преку обезбедување на рамка за мерки за контрола на тутунот што ќе бидат применети од страна на Страните на национално, регионално или меѓународно ниво, со цел да се намалува континуирано и значително преваленцата од употребата на тутун и изложеноста на чад од тутун

Член 4

Водечки принципи

Заради постигање на целта на оваа Конвенција и нејзините протоколи и заради примена на нејзините одредби, Страните ќе се раководат, помеѓу другото, од следните принципи:

1. Секое лице треба да биде инфомирано за последиците по здравјето, природата на создавање зависност и смртната закана од употребата на тутунот и изложеноста на чадот од тутун, а ефективни правни, извршни, административни или други мерки треба да се воспостават на соодветно ниво на владата за заштита на сите лица од изложеност на чад од тутун.

2. Неопходна е силна политичка заложба за развој и поддршка на национално, регионално и меѓународно ниво, како и сеопфатни мултисекторски мерки и координиран одговор, земајќи ја предвид потребата од преземање на мерки за:

(а) заштита на сите лица од изложеност на чад од тутун;

(б) промоција и поддршка на престанокот со пушење и намалување на употребата на тутун во било која форма, заради превенција на отпочнувањето на употребата на тутун;

(в) промоција на учеството на сиромашните поединци и заедници во развојот, примената и проценката на програмите за контрола на тутунот што се социјално и културално соодветни на нивните потреби и перспективи; и

(г) адресирање на полово-специфичните ризици при развојот на стратегиите за контрола на тутунот.

3. Во меѓународната соработка, особено по однос на трансферот на технологијата, знаењето и финансиската помош и давањето на релевантна експертиза, треба да се воспостават и применат ефективни програми за контрола на тутунот, земајќи ги предвид локалната култура, како и социјалните, економските, политичките и правните фактори, како важен дел на Конвенцијата.

4. Сеопфатните мултисекторски мерки и одговори за намалување на употребата на сите тутунски производи на национално, регионално и меѓународно ниво се неопходни за превенирање , во согласност со јавно-здравствените принципи, на инциденцата на болести, предвремениот инвалидитет и морталитет поради употреба на тутун и изложеност на чад од тутун.

5. Прашањата за одговорноста, утврдени во законодавството на Страните е важен дел од сеопфатната контрола на тутунот.

6. Важноста на техничката и финансиската помош во транзицијата на одгледувачите на тутун и работниците чиј опстанок е сериозно загрозен како последица на програмите за контрола на тутунот во Страните-земји во развој, како и во Страните- земји во транзиција, треба да се прифати и да се вклопи во контекстот на стратегиите развиени на национален план за одржлив развој.

7. Учеството на граѓанското општество е суштествено во достигањето на целта на Конвенцијата и нејзините протоколи.

Член 5

Општи обврски

1. Секоја Страна ќе развие, ќе примени и периодично ќе прегледува и унапредува сеопфатни мултисекторски национални стратегии за контрола на тутунот, планови и програми во согласност со оваа Конвенција и протоколите каде е страна.

2. Со истата цел, секоја Страна треба , во согласност со сопствените можности:

(а) да воспостави или засили и финансира национален координативен механизам или фокална точка за контрола на тутунот; и

(б) да усвои и примени ефективни законодавни, извршни, административни и/или други мерки и да соработува , на соодветен начин, со други Страни во развојот на соодветни политики за превенција и намалување на употребата на тутунот, зависноста од никотин и изложеноста на чад од тутун.

3. Во востпоставувањето и примената на нивните јавно-здравствени политики за конрола на тутунот, Страните ќе се ангажираат за заштита на тие политики од комерцијални и други интереси на тутунската индустрија , во согласност со нивното национално законодавство.

4. Страните ќе соработуваат во формулацијата на предложените мерки, постапки и насоки за примена на Конвенцијата би протоколите на кои се членки.

5. Страните ќе соработуваат на соодветен начин со надлежните меѓународни и регионални меѓувладини организации и други тела за да ги постигнат целите на оваа Конвенција и протоколите на кои се членки.

6. Страните, во рамките на расположивите ресурси, ќе соработуваат заради подигање на средства за ефективна примена на Конвенцијата преку билатерални и мултилатерални механизми за финансирање.

ДЕЛ III: МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА НА ТУТУН

Член 6

Ценовни и таксени мерки за намалување на побарувачката на тутунот

1. Страните прифаќаат дека ценовните и таксените мерки се ефективно и важно средство за намалување на употребата на тутунот од страна на различни сегменти на населението, особено од страна на младите луѓе.

2. Без да се навлегува во сувереното право на Страните за определување и воспоставување на нивните таксени политики, секоја страна ќе ги има предвид национално определенетите здравствени

цели по однос на контролата на тутунот и соодветно ќе усвои или одржи мерки што можат да вклучат:

(а) примена на таксени мерки и, каде е тоа соодветно, ценовни политики по однос на тутунските производи така што да придонесе кон здравствените цели за намалување на употребата на тутунот; и

(б) забрана или ограничување , како што е соодветно, на продажбата и/или увозот од страна на меѓународните патници на тутунски производи ослободени од такси и царини.

3. Страните ќе обезбедат информации за стапките на таксите за тутунските производи и трендовите на употреба на тутунот во нивните периодични извештаи на Конференцијата на Страните , во согласност со член 21.

Член 7

Не-ценовни мерки за намалување на побарувачката на тутунот

Страните прифаќаат дека сеопфатните не-ценовни мерки се ефективно и важно средство за намалување на употребата на тутунот. Секоја Страна ќе усвои и примени ефективни законодавни, извршни, административни и други мерки неопходни за одговор на нејзините обврски утврдени во член 8 до член 13 и соодветно ќе соработува со другите страни непосредно или преку други надлежни меѓународни организации со цел за нивна примена. Конференцијата на Страните ќе предложи соодветни насоки за примена на обврските од наведените одредби.

Член 8

Заштита од изложеност на чад од тутун

1. Страните прифаќаат дека научната евиденција недвосмислено покажа дека изложеноста на чад од тутун предизвикува смрт, болест и инвалидност.

2. Секоја страна ќе усвои и примени мерки во постоечките области на националното законодавство , на начин на кој тоа е утврдено со тоа законодавство и активно ќе промовира на други законодавни нивоа усвојување и примена на ефективни законодавни, извршни, законодавни и/или други мерки за обезбедување на заштита од изложеност на чад од тутун во работни простории, јавен транспорт, јавни простории и, соодветно, на други јавни места.

Член 9

Регулирање на содржината на тутунските производи

Конференцијата на Страните, во консултација со надлежните меѓународни тела, ќе предложи насоки за тестирање и мерење на содржината и емисиите од тутунските производи, како и за регулирање на содржината и емисиите. Секоја Страна , врз основа на одобрение од надлежните органи, ќе усвои и примени ефективни законодавни, извршни и административни или други мерки за вакво тестирање и мерење, како и за вакво регулирање.

Член 10

Регулирање на откривањето на информации за тутунските производи

Секоја Страна , во согласност со нејзиното национално законодавство, ќе усвои и примени ефективни законодавни, извршни, административни или други мерки со кои ќе се бара од производителите и увозниците на тутунски производи да им даваат информации на владините органи за содржината и емисиите на тутунските производи. Секоја Страна понатаму ќе усвои ефективни мерки за јавно откривање на информации за токсичните состојки на тутунските производи и за емисиите што тие можат да ги произведат.

Член 11

Пакување и означување на тутунски производи

1. Секоја Страна , во период од три години од влегувањето во сила на оваа конвенција за таа Страна, ќе усвои и примени, во согласност со националното законодавство, ефективни мерки што ќе обезбедат:

(а) пакувањето и означувањето на тутунскиот производ да не го промовираат тутунскиот производ на било каков начин што води во грешка, заблуда или измама или што може да создаде погрешна претстава за неговите карактеристики, здравствени ефекти, ризици или емисии, вклучително и преку било кој термин, појаснување, заштитен знак, фигуративен или друг знак што директно или индиректно создава лажна претстава дека предметниот тутунски производ е помалку штетен од други тутунски производи. Тука се вклучуваат и термините како што се “ниско ниво на никотин“(low tar),“лесни“(light),“ултра-лесни“(ultra-light), или “благи“(mild); и

(б) секој единечен пакет или поединечно пакување на тутунски производи и секое надворешно пакување и означување на ваквите производи исто така носат здравствени предупредувања со опис на штетните ефекти од употребата на тутунот и можат да вклучат други соодветни пораки. Овие предупредувања и пораки :

(i) ќе бидат дозволени од надлежен национален орган,

(ii) ќе се ротираат,

(iii) ќе бидат големи, јасни, видливи и правно засновани,

(iv) ќе покриваат повеќе од 50% или повеќе од основната видлива страна и нема да покриваат помалку од 30% од другите основни видливи површини,

(v) може да бидат во формат на или да вклучат слики или пиктограми.

2. Секое поединечен пакет или пакување на тутунски производи и секоје надворешно пакување и означување на ваквите производи , како дополнување на предупредувањата утврдени во став 1(б) од овој член, ќе содржи информација за релевантните состојки и имесии од тутунските производи, на начин дефиниран од националниот надлежен орган.

3. Секоја страна ќе бара предупредувањата и другите текстуални информации утврдени во став 1(б) и став 2 од овој член, да се појавуваат на секој поединечен пакет или пакување на тутунските производи и на секое надворешно пакување на ваквите производи, како и на службениот јазик или јазици на страната.

4. За целите на овој член, терминот "надворешно пакување и означување" во врска со тутунските производи се однесува на секое пакување и означување употребено во малопродажбата на производот.

Член 12

Образование, комуникација, обука и јавна свесност

Секоја Страна ќе ја промовира и зајакнува јавната свесност за прашањата во врска со тутунските производи, употребувајќи ги сите средства за комуникација, на соодветен начин. Со оваа цел , секоја Страна ќе усвои и примени ефективни законодавни, извршни, административни или други мерки за да промовира:

(а) широка достапност до ефективни и сеопфатни едукативни програми и програми за подигање на јавната свесност за здравствените ризици, вклучително и за карактеристиките на тутунските производи за стварање на зависност преку нивната употреба и изложеност на чад од тутун;

(б) јавна свесност за здравствените ризици од употребата на тутунот и изложеноста на чад од тутун, користи од престанокот на употребата на тутунот и животните стилови без употреба на тутун, како што е утврдено во член 14.2;

(в) јавен пристап, во согласност со националното законодавство, до широк спектар на информации за тутунската индустрија, релевантно на целта на оваа конвенција;

(г) ефективна и соодветна обука или сензатизација и подигање на свесноста преку програми за контрола на тутунот наменети за здравствените работници, работниците во заедницата, социјалните работници, професионалните медиумски работници, образовните работници, донесувачите на одлуки, административните работници и други релевантни лица;

(д) свесност и учество на јавноста и приватните агенции и невладини организации што нхе се поврзани со тутунската индустрија , во развојот и примената на интерсекторски програми и стратегии за контрола на тутунот; и

(ѓ) јавна свесност за и пристап кон информации во врска со повратните здравствени, економски и еколошки последици од производството и употребата на тутун.

Член 13

Рекламирање, промоција и спонзорирање на тутун

1. Страните прифаќаат дека сеопфатна забрана на рекламирањето, промоцијата и спонзорирањето ќе ја намалат употребата на тутунски производи.

2. Секоја Страна, во согласност со својот устав и уставните принципи, ќе преземе сеопфатна забрана на секакво рекламирање, промоција и спонзорирање . Тоа вклучува, во согласност со правните рамки и расположивите технички средства на страната, сеопфатна забрана на преку-граничното рекламирање, промоција и спонзорирање што потекнува од нејзината територија. Во согласност со наведеното, во период од пет години од денот на влегувањето во сила на оваа конвенција за Страната, секоја Страна да преземе соодветни законодавни, извршни, административни и/или други мерки и да соодветно известува во согласност со член 21.

3. Страната што не е во состојба да преземе сеопфатна забрана поради својот устав или уставните принципи ќе примени ограничувања на севкупното рекламирање ,промоција и спонзорирање на тутунски производи. Тоа вклучува во согласност со правните рамки и расположивите технички средства на Страната , ограничувања или сеопфатна забрана на рекламирањето, промоцијата и спонзорирањето што потекнува од територијата на страната со преку-гранични ефекти. Во согласност со наведеното, во период од пет години од денот на влегувањето во сила на оваа конвенција за Страната, секоја страна да преземе соодветни законодавни, извршни, административни и/или други мерки и да соодветно известува во согласност со член 21.

4. Како минимум и во согласност со својот устав и уставните принципи, секоја Страна ќе:

(а) ги забрани сите форми на рекламирање, промоција и спонзорирање на тутунските производи на било каков начин што води во грешка, заблуда или измама или може да создаде погрешна претстава за неговите карактеристики, здравствени ефекти, ризици или емисии;

(б) бара здравствени или други соодветни предупредувања или пораки да го придружуваат секое рекламирање на тутунски производи, како и, на соодветен начин, промоцијата и спонзорството;

(в) ја ограничи употребата на посредни и непосредни средства што поттикнуваат набавка на тутунски производи од страна на јавноста;

(г) бара , доколку не воспостави сеопфатна забрана, откривање на информации на релевантни надлежни органи за трошоците на тутунската индустрија за рекламирање, промоција и спонзорство што сеуште не се забранети. Надлежните органи можат да одлучат да ги направат овие податоци достапни на јавноста и на Конференцијата на Страните, врз основа на член 21 од оваа конвенција, а во согласност со националното законодавство ;

(д) определи сеопфатна забрана или, во случај на Страна што не е во позиција да определи сеопфатна забрана поради својот устав или уставни принципи, да го ограничи рекламирањето, промоцијата и спонзорството преку радио, телевизија, печатени медиуми и, на соодветен начин преку другите медиуми, како што е интернетот, во период од пет години; и

(ѓ) забрани, или во случај на Страна што не е во позиција да определи сеопфатна забрана поради својот устав или уставни принципи, да го ограничи спонзорирањето на меѓународни настани, активности и/или партиципиенти на тие настани.

5. Страните се поттикнуваат да применат мерки надвор од обврските утврдени со став 4.

6. Страните ќе соработуваат во развојот на технологии и други средства неопходни за да се отстрани преку-граничното рекламирање.

7.Страните што имаат забрана на одредени форми на рекламирање на тутунот, промоцијата и спонзорирањето имаат суверено право да ги забранат тие форми на преку-гранично рекламирање, промоција и спонзорство да навлезат на нивна територија и да воведат еднакви казни како оние што се применуваат на домашното рекламирање , промоција и спонзорство што потекнува од нивната територија, во согласност со нивното законодавство. Овој став не воспоставува ниту оправдува било која посебна казна.

8. Страните ќе ја земат во предвид потребата од подготовка на протокол со кој ќе се утврдат соодветни мерки кои бараат меѓународна соработка за сеопфатна забрана на преку-гранично рекламирање, промоција и спонзорство.

Член 14

Мерки за намалување на побарувачката што се однесуваат на зависноста од тутунот и престанокот на употребата на тутунот

1. Секоја Страна ќе развие и распредели сеопфатни и интегрирани насоки засновани на научни дикази и добри пракси, земајќи ги предвид националните услови и приорите и ќе преземе ефективни мерки да го промовира престанокот на употребата на тутунот и соодветниот третман на зависноста од тутунот;

2. За реализација на ваквата цел, секоја Страна ќе се стреми кон:

(а) формулира и примени ефективни програми со цел за промоција на престанокот на употребата на тутунот, на такви места како што се образовните институции, објектите за здравствена заштита, работните места и средините за спортување;

(б) вклучи дијагностицирање и третман на зависноста од тутунот и служби за советување за престанок на употребата на тутунот во националните здравствени и образовни програми, планови и стратегии, со учество на здравствени работници, работници од заедницата и социјални работници, на соодветен начин;

(в) воспостави програми за дијагностицирање, советување, превенирање и третман на зависноста од тутунот во објектите за здравствена заштита и центрите за рехабилитација;

(г) соработува со другите Страни за да потпомогне во обезбедување на достапноста и возможноста за третман на зависноста од тутун, вклучувајќи ги фармацевтските производи, во согласност со член 22. Ваквите производи и нивни состојки можат да вклучат лекови, производи што се употребуваат за да се администрираат лековите и дијагностика, кога е тоа соодветно.

ДЕЛ IV:МЕРКИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА НА ТУТУНОТ

Член 15

Нелегална трговија со тутунски производи

1. Страните прифаќаат дека елиминацијата на сите форми на нелегалната трговија со тутунски производи, вклучувајќи го и шверцот, нелегалното производство и фалсификувањето, како и развојот и примената на релевантното национално законодавство, како дополнување на субрегионите, регионалните и глобалните спогодби, се суштествени за контролата на тутунот.

2. Секоја Страна ќе усвои и примени ефективни законодавни, извршни, административни и други мерки за да обезбеди сите поединечни пакети и пакувања на тутунски производи и сите надворешни пакувања на таквите производи да се обележени за да им се помогне на страните во определување на потеклото на тутунските производи, како и во согласност со националното законодавство и релевантните билатерални и мултилатерални спогодби да им се помогне на страните да ги определат точките на диверзија и следење, да го документираат и контролираат движењето на тутунските производи и нивниот правен статус. Дополнително, секоја Страна ќе:

(а) бара секој поединечен пакет или пакување на тутунски производи за малопродажба и големопродажба што се продаваат на домашниот пазар ја носат изјавата: "Продажбата е дозволена единствено во (се внесува името на земјата, субнационалната, регионалната или федералната единица)" или носат било која друга ефективна ознака што ја означува крајната дестинација или која ќе им помогне на надлежните органи во определување на фактот дали производот е легално за продажба на домашниот пазар; и

(б) земе предвид, на соодветен начин, да развие практично систем за следење и снимање што ќе го обезбедат натамошното осигурување на системот за дистрибуција и ќе помогнат во истрагите за нелегална трговија.

3. Секоја Страна ќе бара информацијата на пакувањето или означувањето утврдени во став 2 од овој член да биде презентирана во легална форма и/или да се појавува на службениот јазик или јазици.

4. Со цел да се елиминира нелегалната трговија, секоја Страна ќе:

(а) следи и прибира податоци за преку-граничната трговија на тутунски производи, вклучувајќи ја нелегалната трговија, и ќе разменува информации помеѓу царинските,таксените и други органи, на соодветен начин, и во согласност со националното законодавство и релевантните билатерални и мултилатерални спогодби во примена;

(б) усвои или го засили законодавството со соодветни казни и правни лекови, против нелегалната трговија на тутунски производи, вклучувајќи го шверцот и криумчарењето на цигари;

(в) преземе соодветни чекори за да обезбеди дека целата конфискувана произведена опрема , шверцувани или криумчарени цигари и други тутунски производи се уништени, употребувајќи еколошки соодветни методи каде е тоа можно, или ставени вон употреба во согласност со националното законодавство;

(г) усвои и примени мерки за следење, документирање и контрола на складирањето и дистрибуирањето на тутунските производи задржани или што се вопромет со суспендирани такси и царини во рамки на нивната хадлежност; и

(д) усвои мерки на соодветен начин, за да овозможи конфискација на предмети произлезени од нелегалната трговија на тутунски производи.

5. Информациите прибрани во согласност со став 4(а) и 4 (г) од овој член на соодветен начин, во агрегатна форма ќе се обезбедат од страна на Страните во нивните периодични извештаи на Конференцијата на страните, во согласност со член 21.

6. Страните , на соодветен начин и во согласност со националното законодавство ќе промовираат соработка помеѓу националните агенции , како и помеѓу релевантните регионални и меѓународни меѓувладини организации кога таа се однесува на истражувања, обвинениј а и истражни дејствија , со цел за елиминација на нелегалната трговија со тутунски производи.

7. Секоја Страна ќе се заложи за усвојување и примена на натамошни мерки вклучително лиценцирање, каде е тоа соодветно, за контрола или регулирање на производството и дистрибуцијата на тутунски производи со цел да се превенира нелегалната трговија .

Член 16

Продажба на и од малолетници

1. Секој Страна ќе усвои и примени ефективни законодавни, извршни, административни или други мерки на соодветно владино ниво, за забрана на продажбата на тутунски производи на лица под возрасна граница определена со националното законодавство или на лица под осумнаесет години. Овие мерки можат да вклучат:

(а) барање сите продавачи на тутунски производи да постават јасен и видлив знак во/на местото на продажба за забрана на продажба на тутун на малолетници и , во случај на сомневање, барање секој купувач на тутунски производ да обезбеди соодветен доказ за достигање на полната возраст определена со закон;

(б) забрана за продажба на тутнски производи на секој малолетник кој непосредно им пристапува, како на пример при продажба на продажни рафтови;

(в) забрана за производство и промет на слатки работи, ситни работи за грицкање, играчки или било кој друг предмет во форма на тутунски производ што се претставува на малолетници; и

(г) обезбедување на недостапност на автоматите за тутунски производи на територијата во нивна надлежност , до малолетниците, како и непромовирање на тутунски производи на малолетници.

2. Секоја Страна ќе забрани или ќе промовира забрана на дистрибуција на тутунски производи без надоместок во јавноста, особено на малолетници.

3. Секоја Страна ќе се грижи за забрана на продажба на цигари поединечно или во мали пакувања што ја зголемуваат достапноста на ваквите производи на малолетниците.

4. Страните прифаќаат дека заради зголемување на ефикасноста, мерките за превенирање на употребата на тутун од малолетници треба, на соодветен начин, да се применат заедно и во врска со другите одредби на оваа Конвенција.

5. При потпишувањето, ратификувањето, прифаќањето, одобрувањето или пристапувањето кон оваа Конвенција или било кога потоа, Страната може , преку обврзувачка изјава во пишувана форма, да ја покаже својата заложба за забрана на поставувањето на автомати за продажба на тутунски производи на територијата на својата надлежност или, на соодветен начин, потполно да забрани поставување на автомати за продажба на тутунски производи.

6. Секоја Страна ќе примени ефективни законодавни, извршни, административни или други мерки за забрана на продажбата на тутунски производи на лица под возраст определена со националното законодавство или под осумнаесет години.

Член 17

Обезбедување на поддршка преку економски прифатливи алтернативни активности

Страните, во заедничка соработка , како и во соработка со други меѓународни и регионални меѓувладини организации, ќе промовираат, на соодветен начин, економски прифатливи алтернативи за тутунските работници, одгледувачи и, ако тоа е случај, на индивидуалните продавачи.

ДЕЛ V: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 18

Заштита на животната средина и здравјето на лицата

Во спроведувањето на обврските од оваа конвенција , Страните се согласуваат да се однесуваат со должно внимание кон заштитата на животната средина и здравјето на лицата во врска со средината во која живеат, по однос на одгледувањето и производството на тутунските производи на својата територија.

ДЕЛ VI: ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОДГОВОРНОСТА

Член 19

Одговорност

1. Со цел за контрола на тутунот, Страните ќе земат предвид преземање на законодавни активности или промовирање на постоечките закони , на соодветен начин, за да се зправат со кривичната и граѓанска одговорност, вклучувајќи ја компензацијата, каде е тоа неопходно.

2. Страните ќе соработуваат едни со други во размената на информации преку Конференцијата на страните, во согласност со член 21 , вклучувајќи ги:

(а) информациите за здравствените ефекти од употребата на тутунските производи и изложеноста на чад од тутун, во согласност со член 20.3(а);и

(б) информации за законодавството и регулативите во сила , како и за постоечката законска пракса.

3. Страните , на соодветен начин и со меѓусебна согласност, во рамки на националното законодавство, политики, правни пракси и постоечки аранжмани засновани на меѓународни спогодби, ќе си обезбедат взаемна помош во правните процедури што се однесуваат на граѓанската и кривичната одговорност, во согласност со оваа Конвенција.

4. Конвенцијата на ниеден начин нема да влијае или ги ограничи правата на взаемен пристап на Страните кон нивните судови , каде вакви права постојат.

5. Конференцијата на Страните може да земе предвид, доколку е тоа возможно и во рана фаза, водејќи сметка за работата завршена на релевантни меѓународни форуми, прашањата во врска со одговорноста, вклучително и соодветните меѓународни пристапи кон тие прашања , соодветни средства за поддршка по барање на страната, во нивните законодавни или други активности, во согласност со овој член.

ДЕЛ VII: НАУЧНА И ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Член 20

Истражување, следење и размена на информации

1.Страните преземаат активности за развој и промоција на национални истражувања, како и за координирање на истражувачки програми на регионално и национално ниво во доменот на контролата на тутунот. Со таа цел, Страните ќе:

(а) иницираат и соработуваат, непосредно или преку надлежни меѓународни и регионални меѓувладини организации и тела во спроведувањето на истражувања и научни проценки, и во тие рамки ќе промовираат и поттикнуваат истражување на детерминантите и последиците од употребата на тутун и изложеноста на чад од тутун, како и истражувања за утврдување на алтернативни земјоделски култури; и

(б) промовираат и засилуваат, со поддршка на надлежни меѓународни и регионални меѓувладини организации и тела , обука и поддршка на сите што се ангажирани во активности за контрола на тутунот, вклучувајќи ги истражувањето, примената и проценката.

2. Страните ќе воспостават , на содветен начин, програми за национален, регионален или глобален следење на величината, појавните форми, детерминантите и последиците од употребата на тутунот и изложеноста на чад од тутун. Со оваа цел, Страните ќе ги вклучат програмите за следење на тутунот во националните, регионалните и глобалните програми за следење на здравјето, така што податоците да бидат споредливи и да можат да се анализираат на регионално и меѓународно ниво, на соодветен начин.

3. Страните ја прифаќаат важноста финансиската и техничката помош од меѓународни и регионални меѓувладини организации и други тела. Секоја страна ќе се грижи за:

(а) прогресивното воспоставување на национален систем за епидемиолошко следење на употребата на тутун и поврзаните социјални, економски и здравствени индикатори;

(б) соработката со надлежните меѓународни и регионални меѓувладини организации и тела, вклучувајќи ги и владините и невладините агенции, во доменот на регионалното и глобалното следење и размена на информации за индикаторите утврдени во став 3(а) од овој член; и

(в) соработката со Светската здравствена организација во развојот на општите насоки или постапки за дефинирање на

опфатот на податоците,како и анализа и распределба на податоците од следењето во доменот на контролата на тутунот.

4. Страните, во согласност со националното законодавство, промовираат и потпомагаат размена на јавно достапни научни, технички, социоекономски, комерцијални и правни информации, како и информации за праксата на тутунската индустрија и одгледувањето на тутунот, што е релевантно за оваа конвенција. При тоа, Страните ќе ги земат предвид специјалните потреби на земјите во развој, како и земјите со економии во транзиција. Секоја земја ќе се грижи за:

(а) прогресивно да воспоставува и одржува база на податоци на прописи и регулативи за контрола на тутунот и, на соодветен начин, информации за нивната примена, како и за постоечката правна пракса и ќе соработува во развојот на програми за регионална и глобална контрола на тутунот;

(б) прогресивно ќе воспоставува и одржува беза на податоци од националните програми за следење, во согласност со став 3(а) од овој член; и

(в) соработка со надлежни меѓународни организации за прогресивно воспоставување и одржување на глобален систем за регуларно собирање и распределба на информации за производството на тутунот, преработката , како и активностите на тутунската индустрија што имаат влијание на оваа Конвенција или на националните активности за контрола на тутунот.

5. Страните ќе соработуваат во регионалните и меѓународните меѓувладини организации и институции за финансирање и развој каде се членки, со цел за промоција и поттикнување на обезбедувањето на технички и финансиски ресурси на Секретаријатот заради помош на страните што се земји во развој или земји во транзиција за да се одговори на нивната заложба за истражување, следење и размена на информации.

Член 21

Известување и размена на информации

1. Секоја Страна ќе и поднесува на Конференцијата на страните, преку Секретаријатот, периодични извештаи за примената на Конвенцијата, што ќе го содржат следното:

(а) информација за законодавните, извршните, административните или други мерки преземени за примена на Конвенцијата;

(б) информација, на соодветен начин, за било какви препреки или бариери што ги согледала при приманата на Конвенцијата;

(в) информација, на соодветен начин, за финансиската и техничката помош обезбедена или добиена за активностите за контрола на тутунот;

(г) информација за следењето и истражувањата утврдени во член 20; и

(д) информација утврдена во член 6.3, 13.2, 13.3, 13.4(г), 15.5 и 19.2.

2. Роковите за поднесување и формата на ваквите извештаи од сите Страни ќе бидат определени од Конференцијата на Страните. Секоја Страна ќе подготви првичен извештај во рок од две години од денот на влегувањето во сила на конвенцијата за таа страна.

3. Конференцијата на Страните, согласно член 22 и 26 ќе земе предвид аранжмани за помош на земјите во развој и земјите во транзиција што се Страни на оваа конвенција, по нивно барање, во врска со извршување на нивните обврски од конвенцијата.

4. Известувањето и размената на информациите во врска со оваа конвенција подлежат на националното законодавство од областа на доверливоста и приватноста. Страните се меѓусебно согласни да ја заштитат секоја доверлива информација што е предмет на размена.

Член 22

Соработка во научната, техничката и законодавната област и обезбедување на екпертиза во овие области

1.Страните ќе соработуваат непосредно или преку надлежни меѓународни тела заради засилување на нивниот капацитет за исполнување на обврските од оваа Конвенција, земајќи ги предвид потребите на страните што се земји во развој или земји во транзиција. Ваквата соработка ќе промовира трансфер на техничка, научна и правна експертиза и технологија, како што страните се согласиле, заради воспоставување и засилување на националните стратегии за контрола на тутунот, плановите и програмите што имаат за цел, меѓу другото да се :

(а) поттикне развојот, трансферот и аквизицијата на технологијата, знаењето, вештините, капацитетот и екпертизата во врска со контролата на тутунот;

(б) обезбеди техничка, научна, правна и друга експертиза за воспоставување и засилување на националните стратегии за контрола на тутунот, плановите и програмите што имаат за цел да се примени конвенцијата преку, меѓу другото:

(i) помош, по барање, во развојот на силна правна основа како и технички програми, вклучително и оние за превенција на

почнувањето и промоција на престанокот на употребата на тутунот, како и заштита од изложеноста на чад од тутун;

(ii) помош, на сооветен начин, на тутунските работници во развојот на економски соодветни и исплатливи алтернативни начини на живеење на економски исплатлив начин;

(iii) помош, на соодветен начин, на одгледувачите на тутун во префрлувањето на друго земјоделство производство на алтернативни култури, на економски исплатлив начин;

(в) поддршка нза соодветна обука или програми за сензитивизирање за соодветен персонал, во согласност со член 12;

(г) обезбедување, на соодветен начин, на неопходниот материјал, опрема и набавки, како и логистичка поддршка за стратегиите за контрола на тутунот, плановите и програмите;
(д) идентификација на методите за контрола на тутунот, вклучително и сеопфатен третман на зависноста од никотин; и

(ѓ) промоција, на соодветен начин, на истражувањата за зголемување на достапноста на сеопфатен третман на зависноста од никотин.

2. Конференцијата на Страните ќе го промовира и помага трансферот на техничката, научната и правната експертиза и технологија со финансиска помош обезбедена во согласност со член 26.

ДЕЛ VIII: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АРАНЖМАНИ И ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 23
Конференција на Страните

1. Со оваа конвенција се формира Конференција на Страните. Првата сесија на Конференцијата ќе се одржи под водство на Светската здравствена организација не подоцна од една година од денот на влегивањето во сила на оваа конвенција. Конференцијата ќе ги определи местото и времето на одржувањето на последователните редовни седници, на својата прва седница.

2. Вонредните седници на Конференцијата на Страните ќе се одржува во периоди определени од страна на Конференцијата , или врз основа на писмено барање на било која Страна, под услов ако во рок од шест месеци од поднесување на ваквото барање, една третина од Страните го поддржи барањето.

3. Конференцијата на Страните со консензус ќе усвои Правила на постапувањето, на првата седница.

4. Конференцијата на Страните со консензус ќе усвои финансиски правила за сопственото работење, како и за финансирање на било кое субсидијарно тело што ќе го формира, како и одредби за финансирање на функционирањето на Секретаријатот. На таква редовна седница , таа ќе усвои буџет за финансиски период до следната редовна седница.

5. Конференцијата на Страните редовно ќе врши преглед на примената на конвенцијата и ќе донесува решенија неопходни за промовирање на нејзината ефективна примена и може да усвои протоколи, анекси и амандмани на конвенцијата, во согласност со член 28, 29 и 33. Со таа цел, Конференцијата ќе:

(а) промовира и потпомага размена на информации, во согласност со член 20 и 21;

(б) промовира и го насочува развојот и периодичното ревидирање на компаративните методологии за истражување и прибирање на податоци, како дополнение на оние утврдени во член 20, а што се релевантни за примена на конвенцијата;

(в) промовира, на содветен начин, развој, примена и процена на стратегии, планови и програми, како и политики, прописи и други мерки;

(г) ги зема предвид извештаите доставени од страните, во согласност со член 21 и усвојува редовни извештаи за примена на конвенцијата;

(д) промовира и потпомага мобилизирање на финансиски средства за примена на конвенцијата во согласност со член 26;

(ѓ) основа субсидијарни тела , кога е тоа неопходно за постигање на целите на конвенцијата;

(е) бара, на соодветен начин, услуги и соработка, како и информации од страна на надлежните и релевантни организации и тела на Обединетите Нации и други меѓународни и регионални меѓувладини организации и тела, како средство за засилување на примената на конвенцијата; и

(ж) зема предвид други активности , на соодветен начин, за постигнување на целта на конвенцијата, во светло на искуството што е добиено преку имплементација на конвенцијата.

(6) Конференцијата на Страните ќе утврди критериуми за присуство на набљудувачи на своите седници.

Член 24

Секретаријат

1.Конференцијата на Страните ќе воспостави постојан секретаријат и ќе воспостави аранжмани за негово функционирање. Конференцијата на Странките ќе се заложи за наведеното на својата прва седница.

2.Се до воспоставувањето на постојан Секретаријат, функциите на Секретаријат утврдени со оваа Конвенција ќе ги врши Светската здравствена организација.

3.Функции на Секретаријатот се да :

(а) ги подготвува седниците на Конференцијата на Страните , како и на било кои други субсидијарни тела и да ги обезбедува за нив потребните услуги;

(б) ги предава извештаите примени во согласност со Конвенцијата;

(в) им обезбедува поддршка на Страните, особено на Страните - земји во развој или во транзиција, по нивно барање, во прибирањето и доставувањето на информации што се бараат во согласност со одредбите на оваа Конвенција;

(г) подготвува извештаи за своите активности во врска со Конвенцијата, според насоките на Конференцијата на Страните и да ги доставува до Конференцијата на Страните;

(д) обезбедува, според насоките на Конференцијата на Страните , неопходна координација со надлежни меѓународни и регионални меѓувладини организации и други тела;

(ѓ) ва влегува, според насоките на Конференцијата на Страните, во такви административни и договорни односи какви што ќе се бараат за ефективно спроведување на неговите функции; и

(е) извршува и други функции утврдени со Конвенцијата или нејзините протоколи или од страна на Конференцијата на Страните.

Член 25

Односи помеѓу Конференцијата на Страните и меѓувладините организации

Со цел да се обезбеди техничка и финансиска соработка за остварување на целта на Конвенцијата, Конференцијата на Страните може да бара соработка со недлежни меѓународни и регионални меѓувладини организации, вклучително и институции за финансирање и развој.

Член 26

Финансиски извори

1. Страните ја прифаќаат важната улога на финансиските извори за постигнување на целта на Конвенцијата.

2. Секоја Страна ќе обезбеди финансиска поддршка по однос на своите национални активности со намера да се постигне целта на Конвенцијата, во согласност со своите национални планови, приоритеи и програми.

3. Страните ќе промовираат , на соодветен начин, воспоставување на билатерални, регионални, субрегионални и други мултилатерални канали за да обезбедат финансирање на развојот и засилување на мултисекторските и сеопфатни програми за контрола на тутунот на страните што се земји во развој или во транзиција. Соодветно, ќе се земат предвид и поддржат економски оправдани алтернативи на тутунското производство , вклучително промена на културите во контекст на национално развиените стратегии за одржлив развој.

4. Страните претставени во релевантни регионални и меѓувладини организации, како и институции за финансирање и развој, ќе ги поттикнуваат овие институции да обезбедат финансиска помош за страните што се земји во развој или во транзиција за да им се помогне во исполнувањето на обврските утврдени со Конвенцијата, без ограничување на нивните права за учество во овие организации.

5. Страните се согласија:

(а) да им помогнат на Страните во исполнувањето на обврските утврдени со оваа Конвенција, така што сите релевантни потенцијални и постоечки извори, финансиски, технички и други , јавни и приватни што се достапни за активностите за контрола на тутунот да се мобилизираат и стават во корист на сите страни, посебни на земјите во развој и земјите во транзиција;

(б) Секретаријатот дава совети на Страните што се земји во развој и земји во транзиција , по нивно барање, за расположивите средства за помош во исполнувањето на нивните обврски утврдени во Конвенцијата;

(в) Конференцијата на Страни на својата прва седница ќе направи преглед на постоечките и потенцијалните извори на средства и механизми за помош засновани на студија спроведена од страна на Секретаријатот , како и други релевантни информации, при што ќе се земе предвид нивната соодветност; и

(г) резултатите од овој преглед ќе се земе предвид од Страна на Конференцијата на страните при определувањето на неопходноста за унапредување на постоечките механизми или за воспоставување на доброволен глобален фонд или други соодветни финансиски механизми за да се канализираат

дополнителните финансиски средства, според потребите, на Страните што се земји во развој или земји во транзиција за да им се помогне да ги исполнат обврските од Конвенцијата.

ДЕЛ IX: РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 27
Решавање на спорови

1. Во случај на спор помеѓу две или повеќе Страни по однос на толкувањето или примената на оваа Конвенција, Страните во спорот ќе се обидат преку дипломатски канали да го решат спорот со преговарање или друг мирен начин по нивен избор, вклучително преку нивните служби, посредување или помирување. Доколку не постигнат спогодба преку нивните служби , посредување или помирување, тоа не ги ослободува Страните од обврската да продолжат да бараат решенија да го решат спорот.

2. При ратификувањето, прифаќањето, одобрувањето, формалното потврдување или пристапувањето кон Конвенцијата, или во било кое време потоа, Страната или регионалната организација за економска интеграција можат да изјават, во писмена форма, пред Депозитарот дека, за спор што не е решен во согласност со став 1 на овој член, прифаќаат , како обврска, ad hoc арбитража во согласност со процедурите што ќе ги усвои консензуално Конференцијата на страните.

3. Одредбите од овој член се применуваат и на секој протокол помеѓу страните на протоколот, освен ако со самиот прокол поинаку не е утврдено.

ДЕЛ X : РАЗВОЈ НА КОНВЕНЦИЈАТА

Член 28
Амандмани на Конвенцијата

1. Секоја Страна може да предложи амандмани на оваа Конвенција. Таквите амндмани ќе бидат земени предвид од страните на Конференцијата.

2. Амандманите на Конвенцијата се усвојуваат од страна на Конференцијата на страните. Текстот на секој предложен амандман на Конвенцијата ќе биде доставен до страните од страна на Секретаријатот најмалку шест месеци пред седницата на која е предложено истиот да се усвои. Секретаријатот, исто така, ќе ги достави предложените амандмани на потписниците на Конвенцијата и, за информација, и до Депозитарот.

3. Страните ќе направат напори да постигнат спогодба со консензус по секој предложен амандман на конвенцијата. Кога ќе се исцрпат сите напори за да се постигне консензус и не се постигне спогодба,

амандманот, како последен напор, ќе се усвои со три-четвр5тинско мнозинство од присутните страни на седницата на која се гласа. За целите на овој член, страните што се присутни и гласаат се оние страни што се присутни и гласаат позитивно или негативно. Секој усвоен амандман ќе се достави , од страна на Секретаријатот, до Депозитарот, кој ќе го достави до сите страни на прифаќање.

4. Инструментите за прифаќање на амандман ќе се депонираат кај Депозитарот. Амандман усвоен во согласност со став 3 на овој член ќе влезе во сила за оние страни што го прифатиле, на деведесеттиот ден после датумот на прием на инструмент за прифаќање од најмалку две третини од страните на Конвенцијата доставен од страна на Депозитарот.

5. Амандманот ќе влезе во сила за секоја друга Страна на дведесеттиот ден после датумот на кој Страната депонирала кај Депозитарот сопствен инструмент за прифаќање на предметниот амандман.

Член 29

Усвојување и амандмани на анексите на оваа Конвенција

1. Анексите на оваа Конвенција и нејзините амандмани ќе се предлагаат, усвојуваат и ќе влегуваат во сила во согласност со постапката утврдена во член 28.

2. Анексите на Конвенцијата претставуваат нејзин составен дел и, доколку тоа не е поинаку утврдено, упатувањата на Конвенцијата едновреме,ено претставуваат и упатување на нејзините анекси.

3. Анексите ќе се ограничат на листи, формулари и друга форма на описен материјал што се однесува на процедурални, научни, технички или административни мерки.

ДЕЛ XI: ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Резерви

На оваа Конвенција не можат да се стават резерви.

Член 31

Повлекување

1. Во било кое време од истекот на две години од денот на влегувањето во сила на оваа Конвенција за Страната, таа Страна може да се повлече од Конвенцијата преку писмена нотификација дадена на Депозитарот.

2. Секое вакво повлекување добива важност по истекот на една година од датумот на приемот од страна на депозитарот на нотификацијата за повлекување, или на друг подоцнежен датум утврден во нотификацијата за повлекување.

3. Секоја Страна што се повлекува од Конвенцијата , се смета дека се повлекува и од секој протокол на кој била Страна.

Член 32

Право на глас

1. Секоја Страна на оваа конвенција ќе има еден глас, освен во случаите утврдени со став 2 на овој член.

2. Регионалните организации за економска интеграција , во прашањата од нивна надлежност, ќе го користат своето право на глас и ќе имаат онолку гласови колку што имаат земји-членки што се Страни на Конвенцијата. ваквите организации нема да го користат своето право на глас, доколку некоја од нивните земји-членки гласа и обратно.

Член 33

Протоколи

1. Секоја Страна може да предлага протоколи. ваквите предлози ќе бидат земени предвид од Конференцијата на страните.

2. Конференцијата на Страните може да усвојува протоколи на оваа Конвенција. При усвојувањето на протоколите ќе се прават напори секогаш да се дојде до консензус. Доколку сите напори за постигање на консензус се исцрпени и не е постигната согласност, протоколот же се усвојува, како последна можност , со три-четвртинско мнозинство на гласови на Страните што се присутни и гласаат на седницата. Во смисла на овој член, под Страни што се присутни и гласаат се подразбираат Страните што се присутни и гласаат позитивно или негативно.

3. Текстот на секој предложен протокол ќе се достави до Страните преку Секретаријатот најмалку шест месеци пред седницата на која протоколот ќе се предложи на усвојување.

4. Само Страните на оваа Конвенција можат да бидат Страни на Протоколот.

5. Протоколот на оваа Конвенција е обврзувачки за само Страните на протоколот. Само Страните на протоколот можат да донесуваат решенија за прашања исклучиво врзани за предметниот протокол.

6. Условите за влегување во сила на секој протокол се утврдуваат со самиот протокол.

Член 34

Потпишување

Конвенцијата ќе биде отворена за потпишување за сите земји-членки на Светската здравствена организација, како и за земјите што не се членки на Светската здравствена организација но се земји-членки на Обединетите Нации или преку регионалите организации за економска интеграција , во седиштето на Светската здравствена организација во Женева од 16 јуни 2003 до 22 јуни 2003, а потоа во седиштето на Обединетите Нации во Њујорк , од 30 јуни 2003 до 29 јуни 2004.

Член 35

Ратификација, прифаќање, одобрување, формална потврда или пристапување

1. Оваа Конвенција ќе биде предмет на ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување од Страните , како и за формална потврда ули пристапување од страна на регионалните организации за економска интеграција. Конвенцијата ќе биде отворена за пристапување на денот по истекување на датумот за затворање на Конвенцијата за потпишвање. Инструментите за ратификација, прифаќање, одобрување, формнална потврда или пристапување ќе се депонираат кај Депозитарот.

2. Секоја регионална организација економска интеграција што ќе стане Страна на Конвенцијата без при тоа било која нејзина членка да е Страна на Конвенцијата, ќе биде обврзана со сите обврски од Конвенцијата. Во случаите кога некои од членките на овие организации се Страни на Конвенцијата, тие взаемно ќе решат по однос на нивната одговорност за спроведување на обврските од Конвенцијата. Во вакви случаи, организацијата и земјите-членки нема да ги стекнуваат правата од Конвенцијата во конкурентски однос.

3. Регионалните организации за економска интеграција во сопствените инструменти за формално потврдување или пристапување ќе дадат изјава за опфатот на нивната надлежност по однос на прашањата уредени со конвенцијата. Овие организации, исто така, ќе го информираат Депозитарот, кој повратно ќе ги извести Страните за било које дополнително менување на опфатот на нивната надлежност.

Член 36

Стапување во сила

1. Оваа Конвенција ќе влезе во сила деведесетиот ден по денот на депонирање на четириесетиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување, формална потврда или пристапување на Депозитарот.

2. За секоја Страна што ќе ја ратификува, прифати или ја одобри Конвенцијата или и пристапи на истата по исполнувањето на условите утврдени во став 1 на овој член, Конвенцијата ќе стапи во сила на деведесетиот ден од денот на депонирање на инструмент за ратификација , прифаќање, одобрување или пристапување.

3. За секоја регионална организација економска интеграција што депонира инструмент за формална потврда или инструмент за пристапување по исполнувањето на условите утврдени во став 1 на овој член, Конвенцијата ќе стапи во сила на деведесеттиот ден од денот на депонирањето на инструментот за формална потврда или пристапување .
4. Во смисла на овој член, секој инструмент депониран од страна на регионална организација економска интеграција нема да се смета како дополнителен во однос на оние депонирани од Страните што се членки на таа организација.

Член 37
Депозитар

Генералниот секретар на Обединетите Нации ќе биде Депозитар за оваа Конвенција и нејзините амандмани, како и за протоколите и нивните амндмани усвоени во согласност со член 28, 29 и 33.

Член 38
Автентични текстови

Оригиналот на оваа Конвенција, каде арапскиот, кинескиот, англискиот, францускиот, рускиот и шпанскиот текст се еднакво автентични, ќе се депонира кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

ОСВЕДОЧЕНИ, долупотпишаните , со соодветно овластување за потпишување, ја потпишаа оваа Конвенција.

Во Женева, дваесет и први мај, двеилјади и трета.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ШПАНСКАТА ВЛАДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЛИЦА СО НЕЗАКОНСКИ ПРЕСТОЈ НА НИВНИТЕ ТЕРИТОРИИ

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската влада и Шпанската влада за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 мај 2006 година.

Бр. 07-2103/1
23 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ШПАНСКАТА ВЛАДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЛИЦА СО НЕЗАКОНСКИ ПРЕСТОЈ НА НИВНИТЕ ТЕРИТОРИИ

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Македонската влада и Шпанската влада за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии, склучен во Скопје на 6 февруари 2006 година.

Член 2

Договорот во оригинал на македонски јазик, шпански јазик и англиски јазик, гласи:

ДОГОВОР МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ШПАНСКАТА ВЛАДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЛИЦА СО НЕЗАКОНСКИ ПРЕСТОЈ НА НИВНИТЕ ТЕРИТОРИИ

Македонската Влада и Шпанската Влада, во натамошниот текст наречени "Договорни страни",

Со желба за олеснување на преземањето на лица кои нелегално престојуваат на територијата на другата Договорна страна,

Почитувајќи ги постоечките права, обврски и гаранции во нивното домашно законодавство и меѓународните конвенции чии потписнички се истите,

Имајќи за цел олеснување на соработката меѓу двете Договорни страни во рамките на меѓународните напори за спречување на илегалната миграција врз основа на реципроцитет и во контекст на нивните заеднички европски интереси,

Се согласија на следното:

ГЛАВА I
Преземање на државјани на Договорните страни

Член 1

1. Секоја Договорна страна, на барање на другата Договорна страна и без формалности, ќе го преземе на своја територија секое лице кое не ги исполнува или повеќе не ги исполнува важечките услови за влез, живеалиште или престој на територијата на Договорната страна - барател, доколку се утврди или може основано да се претпостави дека лицето што се презема има државјанство на Договорната страна-преземач.

2. Договорната страна-барател ќе го преземе лицето назад, без билокакви формалности, доколку се докаже дека тоа немало државјанство на Договорната страна-преземач во моментот на напуштањето на територијата на Договорната страна - преземач.

Член 2

1. Државјанството на лицето наведено во член 1.1 од овој Договор ќе се докаже со следните важечки документи:

   а) национален документ за идентитет,
   б) пасош или друг патен документ кој содржи фотографија (специјална пропусница, лесе-пасе или друго, личен пасош, дипломатски пасош , службен пасош),
   в) воена книшка или друг документ за идентитет издаден на воено лице,
   г) уверение за државјанство, извод од матична книга на родени, документ за граѓански статус,
   д) уверение за државјанство заедно со документ за идентификација кој содржи фотографија.

2. Државјанството на лицето наведено во член 1.1 основано ќе се претпостави со:

   а) документите наведени во претходниот став со истечена важност
   б) возачка дозвола
   в) поморска книшка (модел на Конвенцијата за меѓународна организација на трудот 108 од 13 март, 1958 година)
   г) секој друг документ издаден од надлежните власти на Договорната страна-преземач;
   д) фотокопија на еден од горенаведените документи
   ѓ) изјава на лицето што се презема дадена пред административните или судските власти на Договорната страна-барател
   е) изјава на сведок дадена во присуство на административните или судските власти на Договорната страна-барател
   ж) секој друг доказ признаен од надлежните органи на Договорната страна-барател.

3. Договорните страни меѓусебно ќе се известат по дипломатски пат, не подоцна од 30 дена од денот на потпишувањето на овој Договор, кој од споменатите документи наведени во ставовите 1 и 2 на овој член, се прифаќаат како доказ за државјанство или од кои може основано да се претпостави државјанството согласно нивното внатрешно законодавство.

Член 3

1. Доколку државјанството е докажано или може основано да се претпостави согласно член 2 од овој Договор, дипломатско-конзуларното претставништво на Договорната страна-преземач, без одлагање и на барање на Договорната страна-барател, ќе издаде

важечки патен документ за враќање на лицето што се презема согласно одредбите од член 1 став 1 од овој Договор.

2. Доколку се појават сомневања околу елементите врз кои основано се претпоставува државјанство, дипломатско-конзуларното претставништво на Договорната страна-преземач, во рок од три дена од поднесувањето на барањето за преземање ќе извршат разговор со лицето чиешто преземање се бара.

3. Доколку по разговорот што ќе се изврши со претходна согласност со Договорната страна-барател, се утврди дека лицето има државјанство на Договорната страна-преземач, дипломатско-конзуларното претставништво на Договорната страна-преземач ќе му издаде потребен патен документ без натамошни одлагања.

Член 4

Барањето за преземање ќе содржи:

а) податоци за идентитетот на лицето чиешто преземање се бара,

б) доказите наведени во член 2 од овој Договор,

в) информации што се однесуваат на потребата од обезбедување на медицинска грижа или друг вид на помош на лицето чиешто преземање се бара.

ГЛАВА II
Преземање на државјани на трети држави

Член 5

1. Секоја Договорна страна ќе го преземе на својата територија, на барање на другата Договорна Страна и без билокакви формалности, секој државјанин на трета држава кој не ги исполнува или повеќе не ги исполнува условите за влез, престој или живеалиште на територијата на Договорната страна-барател доколку се докаже или претпостави дека споменатото лице влегло на територијата на таа Договорна страна откако престојувало, живеело или патувало низ територијата на Договорната страна-преземач.

2. Обврската за извршување на преземањето согласно претходниот став нема да важи за државјанин на трета држава којшто при неговиот влез на територијата на Договорната страна-барател поседува виза или важечка дозвола за престој издадена од страна на спомената Договорна страна или на којшто по влезот му е издадена виза или дозвола за престој.

3. Договорните страни ќе настојуваат државјаните на трети држави да ги враќаат во нивните матични држави.

Член 6

1. Доколку државјанин на трета држава кој пристигнал на територијата на Договорната страна-барател не ги исполнува или повеќе не ги исполнува важечките услови за влез, престој или живеалиште, но поседува важечка виза или одобрение за престој на нејзината територија издадена од страна на Договорната страна-преземач, Договорната страна-преземач ќе го преземе споменатиот странец без билокакви формалности на барање на Договорната страна-барател.

2. Во случај двете Договорни страни да издале виза или одобрение за престој на нивната територија, претходниот став ќе важи само доколку визата или одобрението за престој издадени од Договорната страна-преземач истекуваат подоцна.

3. Ставовите 1 и 2 на овој член нема да важат доколку е издадена транзитна виза.

Член 7

Не постои обврска за преземање според членовите 5 и 6 од овој Договор, за државјани на трета држава, во следните случаи:

а) за кого Договорната страна-барател признала статус на бегалец според Женевската Конвенција за статус на бегалци од 28 јули 1951 година, изменета со Протоколот од Њујорк од 31 јануари 1967 година за статусот на бегалци;
б) кој е депортиран од страна на Договорната страна-преземач во неговата земја на потекло или во трета држава;
в) кој останал на територијата на Договорната страна-барател повеќе од една година.
г) кој е државјанин на држава која има заедничка граница со Договорната страна-барател.

Член 8

1. Барањето за преземање на државјанин на трета држава мора да биде поднесено најдоцна во рок од една година откако Договорната страна-барател ќе утврди дека лицето што се презема не ги исполнува или повеќе не ги исполнува важечките услови за влез, престој или живеалиште.

2. Договорната страна-преземач ќе одговори без одлагање и најдоцна во рок од десет дена на барањата за преземање поднесени до неа од страна на државјани на трети држави.

3. Преписката помеѓу Договорните страни наведена во ставовите 2 и 3 од овој член, ќе се врши по факс.

4. Договорната страна-преземач ќе изврши преземање, без одлагање или најдоцна во рок од еден месец, на секое лице чие преземање го прифатила. Овој период ќе се продолжи на барање на Договорната страна-барател за оној временски период што е потребен за отстранување на практични или законски пречки.

Член 9

1. Барањето за преземање на државјанин на трета држава ќе ги содржи следните информации:

   а) податоци кои се однесуваат на идентитетот на лицето што се презема,
   б) елементи или претпоставки врз коишто се заснова барањето за преземање,
   в) информации за потребата од медицинска грижа или друг вид на помош кои можат да му бидат потребни на државјанинот на трета држава што се презема.

2. Договорната страна-барател ќе го преземе назад државјанинот на трета држава за кој, по дополнителни проверки, ќе се утврди дека не ги исполнувал условите наведени во членовите 5 и 6 од овој Договор во моментот на неговото напуштање на територијата на Договорната страна-барател.

ГЛАВА III
Транзитирање

Член 10

1. Секоја Договорна страна, по добивање на писмено барање од другата Договорна страна, ќе одобри транзитирање преку нејзината територија, со или без придружба, на државјани на трети држави ако е гарантирано прифаќање од земјата на дестинација или други можни транзитни земји. Договорната страна-барател ќе и гарантира на Договорната страна-преземач дека лицето чие транзитирање е одобрено, поседува билет и патен документ што е важечки за земјата на дестинација.

2. Договорната страна-барател ќе биде целосно одговорна за државјанинот на трета држава се додека тој не пристигне во неговата крајна дестинација.

3. Доколку транзитирањето се врши со придружба, членовите на истата не смеат да ја напуштат меѓународната зона на аеродромите на Договорната страна-преземач.

Член 11

Барањата за транзитирање наведени во член 10 од овој Договор директно ќе се доставуваат меѓу надлежните органи на Договорните страни. Информациите што се однесуваат на идентитетот и државјанството на лицето што ќе патува, датумот на патувањето, бројот на лет, времето на пристигнување на аеродромот на транзитната држава, патните документи, причината за барањето и, доколку е потребно, податоци за лицата во придружба, ќе бидат внесени во барањето.

Член 12

1. Барањето за транзитирање може да се одбиено ако постои опасност за државјани на трети држави од:

   а) кривично гонење во една од транзитните земји или во земјата на дестинација поради расни или религиозни причини, национална припадност, припадништво на одредена општествена група или поради нивното политичко убедување;
   б) кривично гонење на територијата на Договорната страна-преземач поради дела извршени пред транзитирањето, освен поради илегално преминување на границата;
   в) кривично гонење во земјата на дестинација или во други можни транзитни земји поради претходно извршени дела.

2. Секое лице за кое се бара транзитирање, може да биде вратено назад во Договорната страна-барател, доколку, по дополнителни проверки, се открие дека некој од случаите наведени во претходниот став важи за тоа лице.

ГЛАВА IV
Трошоци

Член 13

1. Патните трошоци за лицето што се презема ќе ги сноси Договорната страна-барател се до аеродромот на Договорната страна-преземач (член 1 од овој Договор).

2. Патните трошоци до државата на дестинацијата, како и трошоците кои произлегуваат при транзитирањето или враќањето на државјанин од трета држава ќе ги сноси Договорната страна-барател (член 5, член 6, член 9 став 2, член 10 и член 12 став 2 од овој Договор).

ГЛАВА V
Заштита на лични податоци

Член 14

1. Личните податоци што мора да се достават заради спроведување на овој Договор ќе бидат заштитени согласно националното законодавство на секоја од Договорните страни.

2. Доколку при примената на овој Договор е потребна размена на лични податоци помеѓу Договорните страни, тие можат да се однесуваат само на:

   а) лични податоци на лица за кои се бара преземање или транзитирање, а по потреба и податоци за членовите на нивното најтесно семејство што се состојат од нивните имиња, презимиња, поранешни презимиња, прекари, пол и државјанство.
   б) пасош, личен документ или друг идентификациски или патен документ со наведен број, рок на важност, датум на издавање, орган што го издал и место на издавање;
   в) други податоци потребни за идентификација на лицата за кои се бара преземање или транзитирање;
   г) места на застанување и распоред на патување;
   д) одобрувања за престој или издадени визи од страна на билокоја од Договорните страни.

ГЛАВА VI
Општи и завршни одредби

Член 15

1. Договорните страни ќе се известат меѓусебно по дипломатски пат најдоцна до потпишување на овој Договор за:

   а) органите што се надлежни за спроведување на овој Договор;
   б) аеродромите кои ќе се користат за спроведување на овој Договор
   в) обрасците и постапките што се утврдени за надомест на трошоците за превоз согласно член 13 од овој Договор;
   г) обрасците кои што ќе се користат за барање за преземање и транзитирање како и оние со кои ќе се одговора на таквите барања.

Член 16

1. Надлежните органи на двете Договорни страни ќе соработуваат и директно меѓусебно ќе се советуваат секогаш кога тоа е потребно заради спроведување на овој Договор.

2. Во случај на потешкотии при спроведувањето на овој Договор, ќе се вршат консултации по дипломатски пат.

Член 17

1. Одредбите од овој Договор нема да влијаат врз обврските за преземање на државјани на трети држави коишто произлегуваат од други меѓународни договори потпишани од страна на Договорните страни.

2. Одредбите од овој Договор нема да влијаат на примената на одредбите од Женевската Конвенција од 28 јули 1951 година за статусот на бегалците, изменета со Протоколот за статусот на бегалците од 31 јануари 1967 година.

3. Одредбите од овој Договор нема да влијаат на примената на договорите потпишани од страна на Договорните страни во областа на заштитата на човековите права.

Член 18

1. Секоја Договорна страна ќе ја извести другата Договорна страна за завршувањето на внатрешните постапки коишто се потребни за влегување во сила на овој Договор кој ќе влезе во сила триесет дена по приемот на последното известување.

2. Овој Договор се склучува на неопределено време.

3. Секоја од Договорните страни може да ја укине примената на овој Договор, во целост или делумно за одреден временски период, со исклучок на член 1 од овој Договор, доколку постојат причини за државната безбедност, правниот поредок и јавниот ред или јавното здравје. За донесувањето или прекинувањето на таквата мерка ќе се достави писмено известување во најкус можен рок по дипломатски пат. Укинувањето на примената на овој Договор ќе влезе во сила по доставувањето на писменото известување до другата Договорна страна.

4. Секоја Договорна страна може да го откаже Договорот во писмена форма и по дипломатски пат. Важноста на овој Договор ќе престане по

изминувањето на деведесет дена по приемот на писменото известување за откажување на овој Договор до другата Договорна страна.

Склучен во Скопје на 06.02. 2006 година во два оригинални примероци на македонски, шпански и англиски јазик, при што сите текстови се со еднаква важност. Во случај на несогласувања при толкувањето на овој Договор, ќе важи англиската верзија.

ЗА
МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА

д-р Илинка Митрева
Министер за надворешни работи

ЗА
ШПАНСКАТА ВЛАДА

Мигел Анхел Моратинос Кујаубе
Министер за надворешни работи и соработка

ACUERDO
ENTRE EL GOBIERNO MACEDONIO Y EL GOBIERNO ESPAÑOL RELATIVO A LA READMISIÓN DE PERSONAS EN SITUACIÓN IRREGULAR

El Gobierno macedonio y el Gobierno español, en lo sucesivo denominados como las "Partes contratantes",

Deseando facilitar la readmisión de personas que se encuentran irregularmente en el territorio del Estado de la otra Parte contratante,

Respetando los derechos, obligaciones y garantías presentes en sus legislaciones nacionales y los Convenios internacionales en que son parte.

Con objeto de facilitar la cooperación entre las dos Partes contratantes, en el marco de los esfuerzos internacionales para prevenir las migraciones clandestinas, sobre la base de la reciprocidad y en el contexto de los intereses europeos comunes, han acordado lo siguiente:

CAPÍTULO I
Readmisión de nacionales de las partes contratantes

Artículo 1

1. Cada Parte contratante readmitirá en su territorio, a petición de la otra Parte contratante y sin formalidades, a la persona que en el territorio de la Parte contratante requirente no cumpla o haya dejado de cumplir los requisitos vigentes

de entrada, estancia o residencia siempre que se pruebe o se presuma, de modo verosímil, que la persona en cuestión posee la nacionalidad del Estado de la Parte contratante requerida.

2. La Parte contratante requirente readmitirá de nuevo a la persona mencionada en el apartado 1, sin ningún tipo de formalidades, siempre que se haya demostrado que no poseía la nacionalidad de la Parte contratante requerida en el momento de la salida del territorio de la Parte contratante requirente.

Artículo 2

1. La nacionalidad de la persona, objeto de una medida de expulsión del Territorio de la Parte Contratante requirente, conforme al artículo 1, apartado 1, se probará mediante los siguientes documentos en vigor:

a) Documento nacional de identidad.
b) Pasaporte u otro documento de viaje con fotografía que lo sustituya (salvoconducto, "laissez-passer" y otros, pasaporte personal, pasaporte diplomático, pasaporte oficial).
c) Cartilla militar u otros documentos de identidad expedidos al militar.
d) Certificado de nacionalidad, documento de inscripción, consular o documento de estado civil.
e) Certificado de nacionalidad combinado con otra documentación de identificación que incluya una fotografía.

2. La nacionalidad de la persona mencionada en el artículo 1, apartado 1 se presume válidamente por:

a) Los documentos mencionados en el apartado anterior cuando estén

caducados o copia de los mismos.

b) El permiso de conducir.

c) La tarjeta de marinero.

d) Cualquier otro documento expedido por la autoridad competente de la Parte contratante requerida, que pruebe la identidad de la persona.

e) La fotocopia de uno de los documentos mencionados anteriormente.

f) La declaración de la persona que vaya a ser objeto de la readmisión prestada ante las autoridades administrativas o judiciales de la Parte contratante requirente.

g) La declaración de un testigo, prestada ante las autoridades administrativas o judiciales de la Parte contratante requirente.

h) Cualquier otro medio reconocido por la autoridad competente de la Parte contratante requerida.

